СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јули 1992 година

Скопје, јули 1992 година

**ДИСКУТАНТИ ОД 45-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 16 ЈУЛИ 1992 г.**


1. АНДОВ СТОЈАН - 4, 8
2. БОЈКОВСКИ ГОРЃИ - 25
з. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 13, 17
4. ГОШЕВ ТУШЕ - 15
5. ЖУТА БЕЌИР - 21
6. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 17
7. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 16
8. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 10, 21, 35
9. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 28
10. МИЛКОВСКИ СТРАШО - 27
11. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 14, 20, 38
12. ПОПОВСКИ КИРО - 30
13. ПРЕВАЛА ШАБАН - 33
14. ПОЛОЖАНИ МВРСИМ - 34
15. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 7, 14, 56
16. ПЕТРОВ ТОДОР - 2, 6
17. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 58
18. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 16
19. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН - 20
20. ЏЕМАИЛИ ФЕБИ - 1


крај

І/1/пј/см

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 45-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јули 1992 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата. Да го видиме точниот број на пратеници кои присуствуваат.

Денес би требало да почнеме со новата 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

**ФЕБИ ЏЕМАИЛИ :**

Почитувани пратеници, вчера на седницата, 44-та седница на Собранието на Република Македонија, не бев задоволен од гласањето, побарав збор од претседателот,а тој не ми даде. Затоа, сега сакам да зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа незнам, сега не би требало во оваа седница за тоа да се расправа. Можеби тогаш не сум ве видел.

Денес ќе минеме на новата 45-та седница.

Ја отворам 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димитар Димитровски, Симеон Иванов, Наум Симјановски, Бранко Црвенковски, Петар Гошев и Љупчо Поповски ме известија дека од оправдани причини не се присутни на седницата.

Записниците од 43-та и 44-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во врска со записникот од 44-та седница на Собранието на Република Македонија сакам да ставам процедурална забелешка заради активностите кои произлегоа од Одлуката на Собранието и сметам дека ова Собрание потребно е да се изјасни по тоа прашање односно надлежните работни тела заради тоа што активностите кои започнаа непочитувајќи ги одредбите на Уставот за мене претставуваат политички скандал бр. 1 во Републиката. Имено, ние на оваа седницата 44-та донесовме одлука која гласи: "Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници излегла недоверба на Владата на Република Македонија". Веднаш потоа од средствата за јавно информирање дознавме дека во Собранието односно од страна на претседателот на Републиката започнати се активностите за предлагање кандидат за мандатор за состав на нова влада.

Моите забелешки од процедурална природа, повикувајќи се на одредбите на деловникот се однесуваат на следното. Сметам дека постапката е започната противуставно, непочитувајќи го член 92, став 6 од Уставот на Република Македонија кој гласи: "Одлуката за изгласување недоверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број

I/3

пратеници. Ако^на Владата и е изгласана недоверба. Владата е должна да поднесе оставка. Премиерот по изгласувањето на недоверба, па и до ден денес воопшто не доставил оставка на Владата на функцијата што ја носи. Со оглед на тоа за мене не се создадоа уставни услови овој Парламент со известување на претседателот на Собранието до претседателот на Републиката ја започне уставно постапката за предлагање кандидат за мандатор за состав на Влада." Иако во член 93, став 5 се вели дека "на владата на која и е изгласана недоверба која поднела оставка или на која мандатот и престанал поради распушташе на Собранието, станува на должност до изборот на нова влада, сепак сметам дека со членот 92 и 56 сосема јасно и недвосмислено е кажано дека Владата на која и е изгласано недоверба е должна да поднесе оставка".

Во членот 468 од Деловникот, став 3 пишува "ако на .^Владата и е се изгласа недоверба, Владата е должна да поднесе оставка".

Во член 471 од деловникот пишува "оставката се поднесува до претседателот на Собранието кој ја упатува до пратениците во Собранието. Оставката се разгледува на седница на Собранието и може по неа да се отвори претрес. Кога Владата ќе поднесе оставка, владата останува на должност до изборот на нова влада". Ние од премиерот не добивме оставка на Владата и фактички спротивно на одредбите на Уставот претседателот на Републиката ја започна постапката за консултации за избор на нова влада без да се почитуваат одредбите од Уставот. Некои коментираа дека можеби според член 92 Владата можеби и нема да сака да поднесе оставка. Меѓутоа, во членот 14 со Законот за владата пишува дека "Владата ја избира и ја разрешува Собранието. Ако со Владата не сакала

да поднесе оставка, Собранието беше должно заради уште понеодговорно однесување да ја разреши .. BJ^адата и со констатација дека и престанал мандатот да констатира дека се создадени условите за отпочнуваше на постапката за предлагање на кандидат за мандатор за состав на нова влада. Инаку, според членот 87 претседателот на Републиката е одговорен за кршење на уставот и на законите, за вршењето на своите права и должности што сметам дека во овој случај е отпочната постапката со прекршување на одредбите во Уставот. Барам Уставната комисија, Законодавно - правната комисија и Комисијата за деловнички прашања д*ш®ги. изврши потребните консултации и договори и пред ова собрание да излезе со комплетен заклучок.

Инаку, сметам дека премолчувањето преку овој факт кој е наведен и во Уставот на Република Македонија ни дава за право како највисок законодавен орган во Републиката сами да не ги почитуваме одредбите од позитивните законски прописи и највисокиот акт на државата.

Предлагам додека тоа не се расчисти овој Парламент не може да продолжи со понатамошна работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Малку да го расчистиме што поскоро тоа прашање, бидејќи е јавно покренато. Инаку, сега не е на дневен ред, се разбира, процедурално е и затоа пред да ја отвориме седницата може да има смисла да го расчистиме. Јас ќе ви прочитам овде еден текст:

"Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 7 јули 1992 година и изгласа недоверба на Владата на Република Македонија согласно член 92 од Уставот на Република Македонија. Според ставот 6 на овој член Владата е должна да поднесе оставка. На истата седница

Собранието констатира дека од тој ден кога и е изгласана недоверба на Владата почнува да тече рокот од 10 дена во кој претседателот на Републиката согласно член 90 од Уставот мандатот за состав на нова влада треба да го довери на кандидатот на партијата односно на партиите што имаат мнозинство во Собранието. Ова произлегува и од член 93 став 5 од Уставот според кој Владата на која и е изгласана недоверба, која поднела оставка или на која мандатот и престанал поради распуштање на Собранието, останува на должност до изборот на нова Влада. Од овие одредби произлегува дека на Владата и кога и е изгласана недоверба и престанува мандатот.  така како и кога поднесува оставка, затоа што таа оставка може да поднесе без да и се изгласа недоверба. Доколку Владата формално не поднесе оставка тоа е нејзино непочитување на Уставот на Република Македонија, член 92,став 6 според кој по изгласувањето на недоверба Владата мора да поднесе оставка, должна е да поднесе оставка односно исклучена е можноста таа слободно да оценува дали ќе поднесе или нема да поднесе оставка. Ако владата не поднесе оставка, а нема уставен основ Собранието да ја разреши, бидејќи со самото изгласување на недоверба на Владата и престанува мандатот и отпочнуваат да течат процеси за избор на нова влада.

Интересно е господинот Петров не интервенираше овде да констатира едно кршење на Уставот од страна на Владата која е должна да поднесе оставка, тој тоа не го спомнува како прво кршење на Уставот што не доаѓа предвид ако еден го крши уставот да се создава алиби ситуацијата и другите да го кршат уставот. Должноста на претседателот во 10 дена да утврди мандатор апсолутно тој рок е преклусузивен и не е врзан со тоа дали некој друг се држи со уставот или не се држи со Уставот, дали ја извршува уставната должност што ја има.

Затоа, во Уставот постојат три основи за престанок на мандатот на Владата и тоа е даден во ставот 5 од член 93 кога се вели "кога и е изгласана недоверба кога самата влада поднела оставка без да и е гласано за доверба или недоверба, што се подразбира како основа самата оставка, а не оставка која обврзува за изгласување на недоверба и кога е распуштено Собранието. Тоа се три состојби кога престанува мандатот. На сегашната влада мандатот и е престанат и таа само врши должност. Тоа е толкувањето што ни е дадено од стручните служби и во склад со тоа толкување јас како претседател на Собрание напишав писмо до претседателот на Републиката и до Владата* Писмото го напишав утрото на 8 јули идниот ден работен кога беше овде седницата и која заврши некаде околу 17,00 часот.

Претседателот постапил согласно уставот и писмото со кое го известивме. Затоа, јас не гледам потреба да расправаат комисии, повторно да се расправа во ова Собрание, недовербата ја изгласа така убедливо, само два гласа беа за доверба на Владата. Сега јас не гледам повторно да има било каков уставен основ да се расправа за тоа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Таман работа да го покренам ова прашање за да ја вратиме Владата назад на која и изгласавме недоверба. Меѓутоа, ова го покренувам од чисто принципиелна гледна точка, затоа што го пишува во член 92, став 6. Петров не интервенирал кога била недовербата на Владата, па има луѓе кои земат поголем коефициент од Петров и кои се должни со оваа огромна администрација во Собранието да ги толкуваат одредбите од Уставот. Зошто Претседателството не интервенираше да каже дека Владата е должна да поднесе оставка. Ако Владата не била должна да поднесе оставка зашто пишува овде дека Владата на која и е изгласано недоверба е

должна да поднесе оставка, а повикувајќи се на членовите 468 и 471 од Деловникот, Парламентот е должен да ја констатира оставката и откако ќе ја констатира, да констатира дека и престана мандатот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Петров се служи со стар деловник, а одредбите на новиот устав беа основа за заклучување на Собранието и за писмото што го испрати Претседателството. Претседателството нема право да го толкува Уставот и да и пишува на Владата по устав што е должна да прави, затоа што тоа не е надлежност и овластување на Претседателството, а Уставот исто така треба да си го прочита  и Владата и тоа што е должна требала да го стори. И таа сноси одговорност заради тоа што сторила или не сторила спротивно Уставот.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Иако нема врска ова мое зборување со записникот, само во врска со изјавата на господин Петров дека е направен политички скандал. Само во врска со изјавата на господин Петров дека со отпочнување на постапка за консултации за избор на нова влада дека е направен политички скандал и дека се разрушени одредбите од Уставот на Република Македонија и деловничките одредби за работа на ова Собрание. Битно и мериторно е дека во случајот одлуката е донесена во ова Собрание и клучен момент е дека е изгласана недоверба на Владата. Оттаму, испаѓа Одредбата на уставот како императивна дека Владата е должна да поднесе оставка. Од тој факт излегуваат изворните овластувања на претседателот да отпочне постапка и должност за формирање на нова влада. Исто така, сметам дека ниту претседателот во контекст на одредбите од Уставот на Владата, ниту

Владата го има нарушено до овој момент Уставот, затоа што обврската нејзина и должност да поднесе оставка не е времено ограничено во овој период и мислам дека крајната висока граница ќе биде до моментот кога ќе со испонат условите овде во ова Собрание да одлучува за избор на нова Влада. До тој момент претседателот на Владата и Владата мислам дека треба да го користат тој рок за поднесување на оставка во Собранието.

Да заклучам сметам дека ниту претседателот на Републиката, ниту претседателот на Владата и Владата ги имаат нарушено уставните одредби во рамките на тоа што го дава Уставот. Постои временски меритум сеуште за Владата до моментот за избор на Владата, тоа е 20 дена од моментот на даваше на мандатот на претседателот на Републиката за нов мандатор, старата влада на која и е изгласано недоверба да поднесе оставка пред ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да не се впуштаме во толкување на Уставот, оваа расправа е непотребна, потполно е јасна уставната ситуација и да одиме понатаму.

Дали се согласувате? (Се согласуваат).

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од 43-та и 44-та седница на Собранието на Република Македонија Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има уште забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од . 43-та и 44-та седница се усвоени без забелешки.

За денешната седница се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичката изборна комисија и претставник од Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта.

Дами и господа, пратеници, по свикувањето на 41-та и 42-та седница во Собранието се пристигнати бројни акти од сите области по кои Собранието треба да расправа. Меѓувреме Собранието ги одржи 43-та и 44-та седница на кои Собранието се согласи да не се дополнува предложениот дневен ред за овие седници заради актуелноста и значењето на прашањата по кои се расправаше. Согласно член 97, став 3 од Деловникот на Собранието ја свикав 45-та седница со предлог на дневен ред само за оние закони чие донесување е сврзано со одредени рокови. Поради тоа предлагам да не се дополнува дневниот ред за оваа седница со нови точки, бидејќи наскоро ќе биде свикана седница на Собранието на која ќе се разгледаат сите пристигнати акти и материјали во Собранието.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваат).

Ве известувам дека група пратеници предлагаат по итна постапка на денешната седница да се донесе закон за изменување на законот за привремена забрана на примената на Законот за продажба на становите во општествена сопственост. Предлогот на групата пратеници и извештајот на Комисијата за градежништво и урбанизам ви се поделени. Предлогот на групата пратеници е доставен до Владата на Република Македонија.

Комисијата за градежништво и урбанизам констатира дека има потреба од донесување на ваков закон и предлага Собранието да расправа по него.

Молам, претставникот од групата пратеници да ја образложи итноста од донесувањето на овој закон.

За збор се јави Билјана Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, претседателот на Собранието ја образложи т.е. ја објасни ситуацијата во која што дојдовме со овие закони кои што се сврзани со временски рок, бидејќи бевме зафатени со некои^други закони кои што беа од битно значење за државноста на Македонија. Бидејќи Законот за престанок, за привремена забрана за примената на законот за продажба на станови во општествена сопственост е при крај на рокот, а и имаше многу краток рок за да се разгледаат сите суштински проблеми околу овој закон кој што навистина е од многу сензибилна природа...

II/1 рд/вц

**БИЉАНА ЛАЗАРЕРЕВСКА**: (продолжение)

Заради неможноста Комисијата за градежништво и урбанизам да добие вистински кворум, бидејќи сметавме дека оваа проблематика е многу битна и треба многу поопширно да се расправа за оваа проблематика, заради изостанокот од Владата, кој што може да одлучува во амандманите, и заради многу други нерешени прашања што беа предложени во законот, поради тоа што не е извршена трансформација на општествениот капитал, да се дефинираат државните и општествените станови, заради тоа што не е извршена денационализација на имотот заради многу други проблеми, сметавме дека овој закон треба продолжи привремената забрана за примената на законот за продажба на општествените станови и тоа максимално за уште 3 месеци, што значи не е уште три месеци туку до три месеци,

Комисијата сметаше дека навистина треба да се напра- ват поопстојни консултации со претставници од банките, претставници од министерството и од Владата, за да донесеме вистинска одлука со која ќе биде подеднакво добра за сите и тие што ги купиле становите и досега и оние што треба да ги купат. Затоа ве молам и му препорачувам на Собранието овој закон да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на група пратеници законот да се донесе по итна постапка, молам да крене рака. (57).

Дали е некој против? (5)

Дали некој се воздржува? (4)

Констатирам дека Собранието го усвои на предлогот на група пратеници.

Законодавно - правната комисија и Комисијата за градежништво да го погледаат овој закон.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за верификација на мандатот на пратеникот на Собранието на Република Македонија Иван Рамбабов.

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за продажба на становите во општествена сопственост со предлог на закон.

3. Предлог на закон за изменување на Законот за привремена забрана на примената на Законот за продажба на становите во општествената сопственост.

4. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за учество на Републиката во обезбедување на средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански неразвиените краишта во периодот од 1 јануари до 30 јули 1992 година со Предлог на закон.

5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за продолжување на важноста на законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта, во периодот од 1986 до 1990 година со предлог на закон.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (мнозинството пратеници).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

II/3

Минуваме на **првата точка** - Предлог за верификација на мандатот на пратеникот на Собранието на Република Македонија Иван Рамбабов.

Извештајот и уверението на Републичката изборна, комисија, како и извештајот на Комисијата за мандатно - имунитени прашања ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот за верификација на мандатот на пратеникот Иван Рамбабов го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека на пратеникот Иван Рамбабов му е верифициран мандатот.

На пратеникот Иван Рамбабов му пожелувам успешна работа во Собранието на Република Македонија (аплауз).

За расправата по втората и третата точка е многу значајно комисиите каков став ќе имаат по законот кој е по трета точка. Затоа давам пауза од половина час за да комисиите го погледаат овој закон.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, Законодавно - правната комисија го разгледуваше Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови и во својот извештај разгледувајќи ја состојбата и бидејќи можеше да се дојде до една незавидна состојба, во однос на престанување на Законот за забрана на продажба на станови, во својот извештај токму таа наведува да се подготви ваков закон и Собранието да донесе закон по итна постапка.

Значи во својот извештај во ставот 4 ЗПК. предлага и на Собранието ваков закон и врз основа на тие укажувања на ЗПК е предложен овој закон и мислам дека тој не е сложен закон, ЗПК има времен извештај кој не е поделен, дека има уставен основ и потреба од донесување на таков закон. Мислам дека можеме да продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ние мораме да имаме извештај дека Комисијата го гледала, а не дека дала иницијатива да се донесе таков закон.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Законодавно - правната комисија го гледаше законот и има и писмен извештај, еве ви го доставувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ги молам членовите на комисиите да имаат и формална седница.

Давам пауза од половина час.

(по паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Втора точка од дневниот ред е предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот со продажба на станови во општествена сопственост, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлог на закон, извештајот на Комисијата за градежништво и урбанизам, извештајот на ЗПК, ви се доставени односно поделени. Ве известувам дека Комисијата за градежништво и урбанизам предлага Собранието да го одложи овој закон од денешната седница, а истовремено да продолжи рокот за привремена забрана на примената на Законот за продажба на станови во општествена сопственост.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

II/5

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, мислам д§ка ставот на ова Собра- ние беше во рок од 3 месеци да се изготви нов закон, кој практично ќе биде примерен и прифатен од цела република, но со изменувањето на времето сметам дека и со предлогот кој беше даден од владата, не задоволува, затоа што имаше доста и неуставни решенија, а и не беше практичен и применлив да може да се применува. Сакам да кажам и тоа дека Република Македонија со стариот закон го отпочна процесот на продажба на општествените станови. Со одлагањето на решавањето на проблемите, оставаме многу отворени прашања, кај граѓаните се создава една правна неизвесност, што мислам дека и за ова собрание, не е добра работа и јас предлагам под итно Владата да преземе мерки, да се донесе еден примерен закон кој ќе биде во состојба реално да ги регулира сите идни во иднина што ќе се регулираат со овој закон. Сакам да кажам сите заклучени договори што беа продавани станови^ш на 4 0 години, а сега веќе банките не ги примаат ратите за уплата за^отплаќање на тие станови, а исто и стопанските субјекти кои ги имаат заклучено тие договори, не смеат да ги примаат средствата кои треба да бидат уплаќани на рати, а од друга страна Сиз-овите веќе не ја собираат киријата на тие станови, се создава една правна несигурност и еден вакум во врска со оваа работа и сметам дека не треба да чекаме последниот рок да помине и сега со овој закон што се предлага да се сфати материјата сериозно и да се донесе еден закон кој ќе биде примерен и може да се исполнат сите желби, мислам доста тешка е состојбата, но мора оваа состојба да се разреши.

II/6

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас сум да не се брза со донесувањето на овој закон. Знаеме ние тие општествени станови, тие згради има од нив многу градени на земјиште претходно национализирани. Прво треба да се изврши денационализација, па дури тогаш да се продаваат тие општествени станови. Насекаде во источните земји, од источниот блок, најпрво беше извршена денационализација па тек тогаш почна да се спроведува продавање на станови од општествена сопственост.

Понатаму, уште не е расчистено има многу носители на станарско право кои направија куќи, купија станови, сепак седат во тие станови, чекајќи го моментот да ги купат за ниски цени тие станови. Треба да се расчисти со тие луѓе, па дури тогаш да почнат да се продаваат овие станови од општествена сопственост.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека предлогот е многу умесен и паметен, бидејќи со законот за денационализација ќе имаме можност ние и сопствени куи изградени на национализирано земјиште да ги вратат тие па потоа. Многу паметно е тоа, меѓутоа тоа да важи за куќите што се градени на туѓи бавчи.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Во врска со национализацијата. Национализацијата е поим кој не е само одземање туку имаше и правичен надоместок. Јас колку што го разбрав колегата Ковачевски тој мисли повеќе на конфискација конфискацијата беше без правичен надоместок, а национализацијата со правичен надоместок. Умесна беше забелешката на колегата кога кажа дека дали целокупното национализирано земјиште треба да биде одземено и сите куќи, да направиме ревизија на целиот правен систем, па мислам дека не можеме да дојдеме до крај и да најдеме решение. Јас уште на

предлагањето ако се сеќавате на првиот закоп кажав дека единствено стариот закон беше грешка за методологијата на вредноста на станот. Ако во овој закон се утврдеше вистинка методологија за утврдување на вредноста на станот, ќе немаше никакви проблеми за продажба на становите.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Јас зборувам за нашите краишта. Има доста национализирано земјиште и на тоа земјиште понатаму купено од албанци се градени куќи.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Очигледно станува збор за некакво недоразбирање, од проста причина што денеска немаме закон предложен од владата, туку закон предложен од група пратеници, кои што се состои од еден член, а тоа е наместо три месеци да се продолжи забраната, е најмногу до шест месеци, максимум уште три месеци. Според тоа, целата оваа расправа би претходела на еден нов закон кој што ќе се донесе понатаму, односно најмногу во рок од 3 месеци и предлагам да се премине на гласање, бидејќи донесовме одлука законот да оди под итна постапка.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Бидејќи дојде до недоразбирање со Туше Гошев, мене ми беше збор само за неговата куќа, а не за сите куќи.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, како известител на ЗПК, која сеуште го носи тоа име, иако има предлози за измена сигурно официјално ќе влезат, би го пренесол ставот и да расчистиме со одредени односи. ЗПК го разгледа законот за изменување и дополнување на законот за продажба на станови во општествена сопственост и констатира дека има потреба и уставен основ за донесување на законот за изменување и дополнување на

законот за продажба на станови во општествена сопственост, од причини пред се наведени во законот, а особено бидејќи во поостоечкиот закон се обезвреднуваше вкупниот капитал во станбената област, а особено на уплатените средства што се водат во банките, како хартии од вредност.

Посебна обврска за предлагање од Владата на овој закон и за разгледување од Собранието беше обврската од Законот за привремена забрана, за примена на законот за продажба на станови во општествена сопственост, кој е донесен пред три месеци и на вчерашниот ден точно истече важењето на тој закон.

Врз основа на овие согледувања, ЗПК се впушти и во начелна расправа и оцени дека предложениот закон е сложен закон а не како што наведува Владата дека не е сложен закон и дека одредени решенија на предлагачот би требало да се преиспитаат и да се уредат на начин ш>#© ќе обезбедат остварување на целите кои беа доставени на Владата од ова собрание и кои претходно ги истакнав.

Од овие причини, Комисијата му предлага на Собранието да го разгледа и усвои на оваа седница само предлогот за донесување на закон, за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост и да го задолжи предлагачот да изготви предлог на закон врз основа на расправите, односно во ЗПК, во матичната комисија за урбанизам и градежништво и особено врз основа на расправата која ќе се води на ова Собра- ние, Собранието да утврди основни начела врз остварување на овие цели и да му ги предложи, односно да и ги достави на Владата која ќе изготви предлог на закон за една од наредните седници,

односно во времето кога ќе биде спремна Владата да му предложи. Во смисла на ова ЗПК и сугерираше за оваа седница Владата или овластен предлагач да понуди закон под итна постапка кој би имал смисла за продолжување на законот за забран~н ка важење кој би имал единствено смисла, доколку се прифати мислењето и барањето на ЗПК, да се расправа само предлогот на законот, или што го изнесе потпретседателот предлогот на комисијата за градежништво и урбанизам, тоа е друг предлог, воопшто да не се расправа по предлогот за донесување на закон. Фактички ние имаме два предлога. Јас го истакнав предлогот на ЗПК кој сметам дека во секој случај треба и размислувањата од претходната седница да послужат за напатствија и начела за да дојдеме до единствена цел, да го застапиме принципот на правичност на сите корисници на општествени станови и заштита на висината на станбениот фонд.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, да резимираме. Имаме два различни предлога. Комисијата за урбанизам и градежништво предлага да се одложи од денешната седница расправата и по Предлогот за донесување на закон и по Предлогот на закон. Законодавно правната комисија предлага денес да го утврдиме само Предлогот за донесување на закон, а Предлогот на закон откако од Владата ќе добиеме текст по калвитет. Во врска со тоа да се произнесеме.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, не доведувајќи го во прашање излагањето на пратеникот Гештаковски кој коректно го изнесе ставот на Законодавно правната комисија, сакав само нешто да кажам.

Пред три месеци кога го донесовме Законот за привремена т забрана на продажбата на становите во општествена сопственост, имавме иста или слична аргументација. За три месеци. Владата не предложи решение за овој проблем, заправо не предложи комплексно разрешување на проблемот. ние пак се враќаме на самиот почеток, пак дискутираме за истите состојби кои ги имавме пред три месеци дали ќе се доведеме во ситуација пак да констатираме. Владата требаше ние и дадовме рок од три месеци да го изготви целосно законот, не закон за изменување и дополнување туку закон како што пратеникот Гошев рече.

Што можеме денес да направиме? Јас мислам дека дискусијата на работните тела, особено на матичното тело - Комисијата за урбанизам се водела во рамките на предлозите содржани во Законот за изменување. Значи таа дискусија не е водена како за проект, како за предлог за донесување на закон, туку е водена така на брзина, барем таков впечаток

имам, а впечатокот беше потврден и од известувањето на известителот на Комисијата, и на нашата Комисија само до тој степен Законот е разгледан, па мислата ми е во тоа дека не баре ,јас не се чувствувам доволно подготвен денес да дискутирам за Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување, туку да ја задолжиме Владата да изготви целосен проект и да достави Предлог за донесување, меѓутоа тоа да биде што побрзо. Во таа фаза ние да ги изнесеме сите предлози, согледувања, сугестии и друго и потоа да се изготви целосен закон и да ставиме точка на овој проблем, тоа беше мојот предлог.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи во ниеден момент не беше спорна потребата од донесување на закон, јас мислам дека треба да се даде на гласање т.е. да се разгледува предлогот на Матичната комисија за пропонирање на мороториумот за продавање на општествени станови. Не се стави на гласање ако треба Предлогот на Матичната комисија, ако се изгласа, тогаш нема потреба да се става предлогот кој и не е многу различен, тоа е предлогот на Законодавно правната комисија само што тие констатирале дека има потреба од законодавно правна гледна точка не уставно донесувањето на еден ваков закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Така и ќе се постапи.

Има збор потпретседателот на Владата Бекир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници изгледа три работи треба да расчистиме. Господинот Гештаковски расчисти две јас не

би се задржал многу на тој аспект, затоа што постојат два става еден на Законодавно правната комисија во првата фаза како Предлог за донесување на закон, денес да расправа Собранието а забелешките што ќе бидат дадени на решенијата што се содржани во тој текст на законот предлагачот на законот да ги има предвид кога ќе го утврдува конечниот текст. И едниот на Матичната комисија, која во неполн состав раправаше во текот на вчерашниот ден, која смета дека треба да се одложи расправата по законот.

Трето сериозно прашање, за кое Собранието исто така треба да се определи, но јас би рекол не денес да се определува затоа што Собранието се определи пред три месеци кога заклучи дека го донесува Законот аз да ја стопира примената на постојниот Закон во едни ненормални услови на пазарот и во тоа време кога го донесе тој закон исто така амандманите на постојниот Закон за продажба на станови во општествена сопственост беа депонирани и расправани од работните тела на Собранието. Меѓутоа, со оглед на крајно ненормалните услови на пазарот и тоа што се случуваше се дојде до сознание дека не треба да се интервенира во постојниот закон така како што беа предложени решенијата, туку треба да се донесе законот кој го донесе Собранието, за да не се применуваат одредбите на тој Закон за продажба на становите во општествена сопственост во рокот до три месеци. Ако се изменат условите на пазарот, тогаш да се стави во активна примена.

Ве молам, зарем можете да претпоставите дека тогаш имаше друг заклучок од овој што сега се постапува со интервенции за измени и дополнување на постојниот закон и дали можете да замислите ако влегуваме во игра за донесување на нов закон, а не цениме дека во другиот дел Законот нема потреба да се менува, туку треба да се извршат одредени

интервенции и кај него, ценевте дека за три месеци тоа ќе го направи ова Собрание и сега сте убедени дека за наредните месеци тој проект ќе може да го направи во ситуација кога и во обврска со таквиот закон се отвораат и други, прашања кои. немаат врска со него и прашањата кои треба да ги уредува тој закон, но ете да се усложнува проблемот и да се дојде до едно сознание дека не треба да се донесе Законот се доволни за да се комплицира. Но кому му го комплицираме животот? мислам на самите себеси дали е рационално да се стопира и понатаму недонесувањето на овој закон. Јас можам да ве уверам, веројатно еден добар дел од вас е сведок на тоа, дека поранешниот состав на Собранието на оваа Република кога го донесување тој Закон за изменување и дополнување но во други временски прилики кога го донесуваше тој закон му беа потребни две години за да го утврди тој и таков текст искасапен во мерка каков што беше искасапен, мислите ли оти можеме и сме толку во состојба за да можеме во наредните три месеци тој проект да го утврдиме и донесеме како таков и да почне животот да тече и да се реализира или пак тоа е начин како да се одложи прашањето за недогледно време. Ако се определивме за приватизација, и овој сектор го заслужува тоа. А овие измени и дополнувања се токму оние сегменти кој беа искасапени во поранешниот состав на Собранието и не беше допуштено да се вградат во законот

Тие се предлагаат сега со некои детали кои времето ги носи во овој момент во овој период во кој живееме и треба да се применува и реализира текстот ,на законот. Јас не сум во состојба да барам денес да расправате за Предлогот за донесување на закон за измени и дополнувања по итна постапка, но би ве молел да се почитува мислењето на Законодавно правната комисија, тој да служи како основ за донесување на законот за изменување и дополнување со сите забелешки што ќе бидат упатени на

адреса на тие решенија што ги содржи тој закон, предлагачот да ги има предвид и да ги вгради оние кои ќе цени дека треба да се вградат, а оние кои ќе оцени дека не би требало да образложи зошто не може да ги прифати и да ги вгради во таквите решенија и да ги скратиме маките. Верувајте правиме огромно зло, јас не би сакал таа приказна да ја отворам повеќе, но точно е дека животот во оваа сфера веќе е преполовен, затоа што доста стопански претпријатија, раководени од решенијата на Законот, сега да го наречам поранешен, пред овој што ја стави во фрижидер неговата примена, продадоа добра дел од станбениот фонд во општествен сопственост и сега прекратуваме еден процес кај другиот дела на претпријатијата, а би рекол го прекратуваме тој процес кај станбениот фонд во сопственост на Републиката каде што би требало да имаме три чисти во однос на одредени состојби кои се присутни и со кои се среќава Републиката и треба да ги разрешува и преку тој станбен фонд на одреден начин. Ве молам имајте го тоа предвид и како најмал грев ценете го, ако не денес по итна постапка, со оглед дека и Матичниот одбор не беше во состојба да ги расправа поради немаше кворум, тогаш барем како прва фаза денес да се расправа по него за да се овозможи во втората фаза да се донесе законот од страна на ова Собра- ние и да се скратат маките што ги има стопанството во врска со овој закон. А ги има доста, да ви кажам. Ги има затоа што едно од решенијата содржано во постојните закони е дека капиталот кој произлегува од продажбата на станбениот фонд во општествена сопственост треба да се капитализира на тој начин што тој се вложува во банките како основачки влог, а претпријатијата односно сопствениците на становите треба да добијат хартии од вредност и ако треба да градат станови односно да го поттикнуваат сопствениот развој, од некоја си дивиденда треба да го поттикнуваат развојот. Мислам дека не

треба да ве убедувам што значи тоа, а со овие измени а тука се доскочува со поинакви решенија да располагаат сопствениците на тој капитал, а не тие да бидат затворени во основачките влогови а сопствениците да бидат некакви си акционери и за капиталот кој потекнува од станбениот фонд во општествена сопственост.-Имајте ги предвид, а има и други работи. Јас не би сакал да создадам впечаток дека сакам по секоја цена да ве убедувам. Мислам дека и вие сте убедени за потребата, но мислењето на Законодавно правната комисија мислам дека е порационално, доколку не се определувате денес да расправате, затоа што матичниот одбор не расправал по решенијата на тој закон, барем правата аза од овој закон денес да оди.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, се работи за две работи, ако го усвоиме Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на стариот Закон# значи треба да вршиме измени и дополнувања на стариот Закон. Затоа , Комисијата зазеде став да се одложи целата проблематика и Предлогот за донесување бидејќи бевме во дилема дали да се донесе закон за из- менување и дополнување на стариот Закон затоа што Владата пред три месеци преку министерот зеде обврска да подготви нов закон, бидејќи пред тоа ни подготвија Закон во четири варијанти. За една седница ни се подготви Закон во четири варијанти. Имајќи го тоа предвид, првиот ден кога се состанавме имавме кворум, немавме овластен претставник од Владата кој требаше да ги прифати или да не ги прифати амандманите кои беа поставени од пет пратеника и од пратеничката група на Социјалистичкиот сојуз. Вториот ден дојде претставникот, потпретседателот, но немавме кворум. Затоа, наоѓајќи се во еден теснец, а за да не се создаде вакуум без закон предложивме не да не

се донесува овој закон, туку да се одложи само неговото донесување и тоа најмногу уште за три месеци. Ако се подготви закон за 10 дена , може да се донесе за 10 дена. Ако Владата мене овде малку ме изненадува излагањето на потпретседателот кога го критикува Парламентот дека сака да го пролонгира рокот, а токму Владата преку министерот го пролонгира рокот за најмалку три месеци. Работата со акциите е завршена. Оние станови се продадени, акциите се акции и тие пари не може да ги користат сопствениците бидејќи банките не ги враќаат парите туку според Законот даваат акции на сопствениците кои досега извршија продажба на становите. Бидејќи сега не се продаваат становите, не може да се даваат ни нови акции. Значи, сега сме во таква состојба, а Комисијата нема ништо против ако Собранието одлучи да се прифати предлогот - ова е мое лично мислење на Законодавно правната комисија, но тоа ќе значи дека прифаќа,е да се донесе Предлог на закон за измени на постојниот закон ќе го отфрлиме решението за донесување на нов закон, а ние наодајќи се во еден теснец кога еден ден немавме претставник, друг ден немавме кворум и сакавме да консултираме и други заинтересирани за оваа проблематика бидејќи проблематиката навистина е сложена, не е несложена како што пишува во образложението дека Законот е несложен и треба да се донесе по итна постапка, бидејќи засега многу голем дел од граѓаните кои имаат општествени станови, кои по два основа сега, иако за мене вештачки се делат на општествени станови државни општествени станови во сопственост на организации, дури и тоа не е разграничено во овој Закон. Кои се тие а кои се овие можеби ќе настанат и тука проблеми при продавањето. Бидејќи со овој предложен закон ние сметаме дека не се обезбедени приближно еднакви услови на сите корисници на станарско право и не се обезбедени услови за зачувување на вредноста на

III/8

станбениот фонд, затоа предложивме донесувањето на осој закон да се одложи.

**СТРАШО МИЛКОВСКИ:**

Јас сакам само да го убедам потпретседателот дека ние членовите на Комисијата за градежништво бевме сосема свесни и тотално знаеме каква е одговорноста за тоа што донесуваме таков предлог. Меѓутоа, ние расправавме пет или шест пати за овој закон и да ви кажам дека од Владата доаѓаше секој пат различен човек и во ниеден момент не беше респектирано мислењето на Комисијата за градежништво. Во еден момент дури бевме обвинети и дека сме против вакво Европско решение на законот, за да само после два дена тоа Европско решение Владата го замени, го повлече и предложи нов закон. И во една таква хаотична состојба ние затоа и предлагаме Владата да седни и да направи нов закон. Тоа Владата можеше да го стори и до сега, не мораше воопшто да чека три месеци и да го предложи сега законот, можеше многу порано да го предложи особено ваков како што е сега предложен, мислам дека воопшто не требало да се чека три месеци, меѓутоа, Владата тоа не го направи. Ако Владата беше свесна за целата оваа работа, јас мислам дека прво немаше да ја стопира продажбата на становите уште во почетокот на својот мандат, зашто таа беше стопирана, незнам дали од Владата или од Министерството, а потоа уследи се она што се случи со инфлацијата. Од тие причини бидејќи ние баравме да се изготви нов концепт на закон, а за тоа во Комисијата за градежништво бевме едногласни сите, и внатрешни и надворешни членови, а мислам дека Владата и презема преку својот претставник таква одговорност да направи нов закон, Комисијата немаше потреба да го менува своето мислење.

III/9

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Немав намера да дискутирам по ова прашаше, меѓутоа, излагањето на потпретседателот Бекир Жута ме натера да констатирам дека навистина Владата останува доследна на своите недоследности. Мислам дека ние одавна како Собрание констатиравме дека има потреба за донесување на нов закон, а тоа и Владата го рече, да не се потсетуваме на воведното излагање на претседател- от на Владата при изборот на самата Влада дека се откажува од било какви крпеници на постојните закони и дека е спремна да донесе нови закони кои ќе бидат во функција на времето кое доаѓа.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ** (Продолжение)

Еве и овој пат Владата ни нуди решенија кои се практично крпеници и кои не можат, како што се покажа, дека не поминаа ни во комисиите, а не и да можат да бидат применети и во практиката.

Јас мислам дека ние навистина се определивме како Собрание и како Република дека одиме кон процесот на приватизацијата на општествениот капитал, а мислам дека ова беше една од најлесните области каде практично можевме да пристапиме кон приватизација на општествениот капитал. Меѓутоа, еве до денеска Владата не успеа да подготви закон кој навистина ќе биде применлив и кој практично ќе го отпочне тој процес на една права приватизација на дел од општествениот капитал. Од таа причина јас мислам дека предлозите што ги понуди колегата Гештаковски на некој начин се прифатливи и јас би предложил Собранието да предложи еден работен заклучок по оваа точка дека се потврдува потребата од донесување на нов закон за продажба на општествените станови со тоа досегашната расправа по оваа проблематика да биде како еден вовед односно почеток во изготвувањето на Законот за приватизација на општествените станови и тој закон, овој пат мораме да кажеме, да дадеме еден рок кој навистина ќе биде доволен за да може да биде изготвен тој закон со оглед на тоа што навистина оваа проблематика е доста присутна и во Владата и во Собранието, а и во надлежните тела на Собранието и мислам дека проблематиката е потполно јасна и дека е доволно одредено време сето ова да се срочи и да се финализира во еден закон кој практично ќе биде применлив и ќе отопочне процесот на продажбата на становите во нашата држава.

IV/2.-

Затоа мислам дека оваа точка на тој начин би требало да ја завршиме, а за да не се појави еден празен вакум односно простор во кој ќе има беззаконие ќе следи наредната точка од дневниот ред тоа е третата точка со која ќе се продолжи забраната на продажба на становите кој беше во рок од 3 месеци за да може да се создаде простор да биде изготвен овој нов закон кој, повеќе пати имаме констатирано, има потреба од негово донесување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Киро Поповски.

**КИРО ПОПОВСКИ**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, малку ме изненадува ваквото реагирање од поедини пратеници, мислам ако е некој незаинтересиран може слободно да излезе да земе свеж воздух, бидејќи, ако за некоја проблематика граѓаните денеска во Македонија се покрај своите телевизори, тоа е токму за оваа проблематика и мислам дека крајно одговорно треба да се однесуваме кон овој проблем. Ќе ве потсетам дека ако за некој проблем имаше општ консензус во овој Парламент дека под итно треба да се донесе овој закон и оваа Влада ако за нешто посебно доби критика што овој закон толку долго се одолговлечуваше и сега кога сме ставени во една ваква ситуација сакаме бегло да поминеме едноставно повторно да ја одложиме ситуацијата со што мислам дека ќе бидат направени штети.

Прво, мислам дека веќе 10 години една категорија на граѓани неоправдано е тешко оштетена. Добиваат нерамноправен третман по устав и закон во однос на другите граѓани кои за овие 10 години успеале да ги купат тие општествени станови по разни други законски процедури веќе го реализираа.

Второ, мислам дека со ова уште еднаш всушност докажуваме дека не сме доследни на јасната определба за приватизација на општествената сопственост и тоа на прашање кое е наједноставно за решавање.

Трето, мислам дека со одлагањето на овој проблем ги скусуваме можностите Републиката да најде реални средства не само за работните организации и претпријатијата, туку, пред се , одреден капитал кој би бил во функција на обесштетување на девизните штедачи во Републиката.

Од тие причини и во функција на овие значајни елементи кои треба да се остварат со овој закон, мислам дека треба да најдеме некое разумно решение за излез од сегашната ситуација во која се наоѓаме. Дали тоа ќе биде измена на стариот закон или нов закон, по мое мислење, не е ни битно, битно е дали тој закон ќе понуди конзистентни решенија кое ќе обезбеди објективност на проценувањето на тие станови и правичност во однос на практичната примена. Овој Парламент треба да оцени дали со измените на стариот закон тоа се обезбедува. Во таа функција мислам дека пратениците имаат конкретни амандмани, а исто така и ние како пратеничка група на Социјалистичката партија дадовме соодветни амандмани на овој предлог за измени и дополнувања на Законот.

Би предложил едно компромисно решение, бидејќи сме сега во еден вакум, во еден теснец ставени бидејќи законот денеска веќе не важи за забрана, а секое пролонгирање на донесување на овој закон, па макар во две или во три фази создава еден простор во кој фактички ќе имаме двојство на примена на законските прописи или ќе се применува стариот закон за кој велиме дека не е прифатлив по тие основи да се отуѓуваат општествените станови.

IV/4.-

Ако е прифатливо, јас би го прифатил предлогот од Комисијата, меѓутоа, наместо три месеци би предложил најдоцна до крајот на месецот да се продолжи рокот на примена на законот за забрана на продажба на станови, денеска да расправаме по овој предлог и на закон за измена и дополнуваше на Законот за отуѓување на општествените станови, а на прва наредна седница овој закон за продажба и отуѓување на становите во општествена сопственост да го донесеме. Значи ќе има можност прво, да не се создаде вакум односно да не се применува стариот закон за кој цениме дека решенијата се неприфатливи и

Второ, ставајќи дополнителен простор во рок од 10 дена да можат овие забелешки и сугестии кои се дадени од пратениците и пратеничките групи денеска да ги разгледаме, а и Владата да ги погледа и на првата наредна седница Владата да излезе со предлог закон за продажба на становите.

Инаку, јас лично и во име на Пратеничката група на Социјалистичката партија подготвени сме и денеска д:шрасправаме и денеска да го донесеме овој закон за кој дадовме конкретни амандмани. Меѓутоа, доколку мнозинството пратеници инсистира да оди во две фази, подготвени сме и тоа да го поддржиме во функција што поквалитетен закон да се донесе, но во секој случај да не се одолговлечува во недоглед, бидејќи ова не го говорам само во името на мојата партија, туку и во име на бројни граѓани од мојата изборна единица кои неколку пати ме повикуваа исклучиво само за овој законски проект да расправаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Превала.

IV/5.-

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, и јас имав намера тоа да го предложам што го изложи колегата Поповски мошне аргументирано. Мислам дека се наоѓаме во големо задоцнување со продолжувањето на приватизацијата на овој дел на општествената сопственост во Македонија. Мислам дека немаме време повеќе да бараме изготвување на нов закон, туку со усвојувањето и на измените и дополнувањата што се предлагаат, а збогатени со наши идеи преку амандмани и сл., мислам дека ние ќе дојдеме до нов закон и до комплетни решенија во врска со оваа чувствителна област.

Јас мислам дека е време па да го искористиме времето што ни стои на располагање да го надокнадиме изгубеното во врска со оваа проблематика. Да продолжи процесот на општествените станови со единствена цел што беше заговарана кога расправавме за основниот текст на законот да 'се обезбедат потребни средства, меѓу другото, и за остварување на Антиинфлационата програма како и за обесштетување на девизните штедачи. Мислам дека со тоа се остварува дел од политиката на приватизацијата што сакаме што побргу да се оствари со цел да зачекориме во пазарната економија.

Мислам дека се умни предлозите што водат кон тоа , ние денеска расправаме и се договараме за утврдување на предлог за донесување, а веднаш во договорен рок да расправаме за предлогот на законот што би го изготвила Владата врз база на ова што денеска ќе разговараме, врз база на амандманите и конечно да овозможиме да продолжи процесот на продажбата, што навистина непотребно се одлага.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Положани.

IV/6.-

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, итни се и некои други закони. Поради природата на материјата со која се регулира. прашањето на приватизацијата на општествениот капитал во случајов на становите, неопходно се наметнува потреба и од донесување на закон за денационализација на национализираните односно неадекватно експроприраните недвижни имоти, мислам на надоместокот што државата го исплаќаше на сопствениците на тие имоти.

Приватизацијата е директно поврзана со процесот на денационализацијата со која, ќе се согласите и вие, оваа Република доцни најмногу, таа е последна на листата на земјите од југоисточна Европа кои се декларираат за раскрстување со системот на уредување и сопственоста. Се мисли на стариот систем на уредување и сопственоста. Дури сметам и тврдам дека Законот за приватизацијата на општествените станови, а со тоа и евентуалниот закон за приватизација на деловниот простор и стопанските објекти без друго, како комплементарно треба да се донесат заедно со Законот за денационализација. Имено, сметам дека тие треба да се донесат во вид на пакет. Кога мислам на приватизацијата тука мислам на приватните имоти на физичките лица и граѓанските правни лица мислам на недвижностите национализирани, а делумно и експроприрани од верските заедници. Затоа мислам дека држи предлогот за одлагање на усвојувањето ан овој закон со тоа што во меѓувреме идната Влада ќе изготви предлози и за другите споменати закони, па за нив да се дискутира и да се усвојуваат во пакет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави госпоѓа Лазаревска.

IV/7.-

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Само едно дополнување, да не биде забуна дека некој не сака да го донесе Законот, а Социјалистичката партија и господинот Киро Поповски сакаат, единствено тие. Господинот

Поповски со полна сила во еден познат стил цело време кажуваше едно за да на крајот го прифати предлогот на Комисијата. Комисијата воопшто не го одложи, не предлага да се одложи Законот за три месеци, туку најмногу до три месеци што значи може и за 10 дена, ова што го објасни господинот Бојковски. Не може да се поддржи предлог за донесување на измени и дополнувања на ОВОЈ закон, а тоа ќе го образложи со следното.

Ние како градежници, како архитекти членови на Комисијата го разгледувавме и почетниот закон и овој со единствено објаснување од Законот што беше донесен уште од претходната Влада со образложение дека Законот се донесува единствено за собирање на средства со кои ќе заживее градежната оператива и единствено по тоа образложение беше донесен тој закон. Бидејќи во овој закон во претходната Влада вметна средствата што се добиваат од продадените станови можат да одат и за развој, ние имавме четиричасовна полемика околу тоа едно зборче дали средствата можат да одат за развој или не, а сега добиваме закон измена и дополнување на законот за продажба на општествени станови од чии средства ќе се унапредува градежништвото, средствата да одат за намирување на депонираните штедни влогови. Јас ќе замолам да се донесе еден закон во чие образложение ќе се напише дека средствата одат за тоа во основата што значи тоа ќе биде нов закон. Јас се прашувам ние како градежници ќе можеме да размислуваме на таков начин да го прифатиме овој закон или може да се изнајде начин и од други средства од друга продажба од друг имот на претпријатијата отидоа со интерни акции без

IV/8.-

еден динар да се собере, па нека се покри јазе, од тие средства девизните штедни влогови, а не само од станбената област. За мене како архитект и како градежник на Комисијата сум во голема дилема да го изгласам ова, навистина. Како политичар, како пратеник нормално треба да внимаваме за чувствата на народот , за елементите кои се дадени во Законот за новите купувачи на становите во однос на тие претходно што ги купиле, а како политичар сепак треба да го гледаме целосниот однос на државата т.-е. заштитата на државноста. Значи, народот, државноста и нашата струка, ние сме ставени во огромна дилема да господине Поповски, ние не го пролонгираме донесувањето на Законот туку сакаме да помогнеме од сите аспекти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Пак влеговме во нерационална расправа и ако ја отвориме расправата до крај да расправаме и по материјалните одредби на предлог-законот нема да излеземе до крај. Сега веќе се фаќаат .и други опции во врска со штедачите, во врска со проблематиката за намена на тие средства за развој и тоа би не одвело далеку. Основно и суштинско е дека предлозите и на едната и на другата комисија некако коинцидираатво суштината и треба да се најде решение.

За мене дилемата што се става дали да биде нов закон или измена и дополна по форма нема голема разлика затоа што Законот може да биде нов сосема оригинален да има стари решенија, а да биде измена и дополнување на стар закон со оригинални решенија кои можат до крај да ја

изменат суштинската материја. Значи, тука не треба да има дилема и треба да се определиме за едно решение било тоа што го нуди ЗПК или е она решение што го нуди матичната комисија за градежништво и урбанизам.

За мене е битно во оваа ситуација дека ние сме на половина пат на решавање на оваа проблематика, дека одреден станбен фонд е реализиран по постојниот закон кој го суспендиравме ние за три месеци и во услови во кои се најдовме, во новите решенија кои се нудат во практиката ќе настанат решенија кои ќе предизвикаат хаотична состојба кај граѓаните. Визави тоа предлагачот што во овој момент го предлага практично ние му изгласавме недоверба на тој предлагач и нема одговорност каде да ја вратиме таа работа. Нужно е за едно вакво суштинско решение да застане зад ваквите решенија со целосна одговорност некој предлагач и да ја понесе одговорноста за решението што ние овде заеднички треба да го донесеме. Во таа смисла коинцидираат решенијата овде да се донесат двата закони.

Прво, најдалеку во рок од 3 месеци да се суспендира повторно овој закон, што е постојниот, и

Второ, да го усвоиме овој предлог за донесуваше на Законот за изменување и дополнување, значи да се пушти во процедура и сите забелешки што ги имаа пратениците евентуално и еден нов предлагач што ќе дојде пред нас со целосна одговорност да понуди решенија кои ќе ги апсолвираме затоа што веројатно истите ние ќе бидеме соочени со проблематиката со која ќе настрадаме и ние и граѓаните овде пред Собранието еден ден една структура на граѓани а другиот ден друга структура на граѓани.

V/1 пј/вц

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Затоа, јас предлагам да бидеме рационални по двете решенија што се предлагаат да ги усвоиме и да не дискутираме повеќе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Џелил Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници со оглед на важноста на овој закон сметам за потребно да го истакнам следното. Од ова што се рече на оваа говорница како и од заклучоците на „спомнатите комисии, а и посебно од излагање на господин Жута, "констатирам дека немаме единствен став по ова прашаше. Некој, нормално се залага да продолжи постапката за донесување на овој закон, некој за привремено запирање, а јас сум за второто. Еве зошто, затоа што проблемите што са јавуваат на овој план се доста карактеристични и тешки за решавање, па затоа сметам дека секое брзо донесување на одредени заклучоци по ова прашање од ова собрание^ нормално е дека после сите аномалии кои што ќе се јавуваат на овој план може да ни се препишат на нас. Затоа, исто така и во духот на претходниот дискутант предлагам заклучокот на Комисијата за урбанизам и градежништво да го ставиме на гласање и со тоа по ова прашање да завршиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој веќе не се јавува за дискусија, прво, како што и е предложено го ставам на гласање Предлогот на комисијата за градежништво и урбанизам.

Предлогот е да не се расправа по овој закон денес.  Молам кој е за предлогот на Комисијата да крене рака. (пратениците креваат рака).

44 пратеници гласаа за. Според тоа, констатирам дека предлогот на Комисијата за градежништво и урбанизам е усвоен.

Минуваме на **точка 3** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за привремена забрана на примената на Законот за продажбата на становите во општествена сопственост.

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам и Законодавно - правната комисија и мислењето на Владата на Република Македонија Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на закон и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

52 пратеници гласаа за.

Кој е против? (2)

Кој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за привремена забрана на прометот на примената на Законот за продажба на станови во општествена сопственост.

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за учество на Републиката во обезбедување на средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1 јануари до 30 јуни 1992 година со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со предлогот на закон и извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за економска политика и развој, Законодавно - правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на законот за учество на Републиката за обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1 јануари до 30 јуни 1992 година.

Кој е за овој заклучок молам да крене рака?

Молам, кој е против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Молам, кој е за, да крене рака.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

V/4

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на закон. Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 3 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на закон.

Овој амандман го поддржа Комисијата за економска политика и развој и комисијата за стопанство.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

68 гласаа за овој Предлог.

Дали има некој против?

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за учество на Републиката во обезбедување на средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1 јануари до 30 јуни 1992 година.

Минуваме на **<u>точка 5 -</u>** <u>Предлог за донесување закон за изменување на Законот за продолжување на важноста на законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта за периодот од 1986-1990 година со Предлог на закон</u>

V/5

Предлогот за донесување на закон со предлог на законот и извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, јас лично сум против предлогот на овој закон, затоа што овој фонд до 30 јуни требаше да го најде своето место. Ако ние зборуваме за пазарно стопанство и ако ние сакаме во Европа, изгледа дека и 31 декември ќе дојде и ние со исти аргументи ќе излегуваме овде на говорницата. А какво стопанство имаме досега, тоа се гледа и каква политика сме имале досега. Од други работи и околности јас мислам дека поубаво е овој фонд да го најде своето место, ако не се донесе ваков закон, а ако го продолжиме рокот само ќе имаме иста состојба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за продолжување на важноста на законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта за периодот од 1986 до 1990 година.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (претенциите креваат рака)

Кој е против? (1) Кој се воздржува? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.-^^УВ

V/6

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе предлогот на закон

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

Молам, кој е против? (1)

Кој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно -правната комисија поднесе амандман на член 2 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на закон.

Овој амандман го поддржа Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за стопанство.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( пратениците креваат рака)

65 пратеници гласаа за. Кој е против? (1)

Кој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на законот за продолжување на важноста на законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта за периодот од 1986 до 1990 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија

(Седницата заврши во 13,10 часот).